# ИЗВЕШТАЈ ОД ПРВИОТ ПРАКТИЧЕН ПРОЕКТ ОДРЖАН ВО БИХАЌ, БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

Во склоп на меѓународниот проект "Иновативно училиште отскочна штица" од 08-ми до 14-ти ноември 2015 година се одржа првиот практичен проект во градот Бихаќ, Босна и Херцеговина.

Во работата покрај учесниците од Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер, учествуваа и : Во проектот учествуваат факултети од универзитети од 6 држави: The University of Bihac, "Technical Faculty", Bosnia and Herzegovina, The "St. Petersburg State Forest-Technical University", Russia, The "University of Ljubljana", "Biotechnical Faculty", Slovenia, The "University of Belgrade", "Faculty of Forestry", "Department of Technology, Management and Design of Furniture and Wood Products", Serbia, The "Syktyvkar Forest Institute", Russia, The "Haute école de gestion Arc HEG", Switzerland, The "Bern University of Applied Sciences School of Agricultural, Forest and Food Sciences HAFL", Switzerland and the "Bern University of Applied Sciences Architecture, Wood and Civil Engineering", Switzerland.

Практичниот проект се одвиваше паралелно во две групи во два индустриски капацитети во Бихаќ и тоа "Sani Global" и "Eragon"d.o.o. Во фабриката "Sani Global" студентите го анализираа производството и производниот процес на повеќеслојни плочи од бука како и механичките својства на шперплочи од бука. Во фабриката "Eragon" d.o.o. студентите ги анализираа механичките и физичките својства и карактеристики на букови пелети произведени во фабриката и нивна усогласеност со меѓународните стандарди. Двете компании добија детални извештаи со предлози за подобрување на производните процеси.

Покрај работниот дел домаќините организираа и колективна екскурзија на Плитвичките Езера во Хрватска.

Следниот практичен проект ќе се одржи во Скопје во февруари 2016 година.

https://www.youtube.com/embed/csTue6L8dGg